**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ и НАУКА**

**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-74
13.05.2024 година
**ОУ „Д-р Владимир Полежиноски"- Кичево**

| Конечен - Извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 4, 5, 6 Декември 2023 година |
| **Број на извештај:** | 17 /Југозападен /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Бошко Стефановски |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | општина Кичево |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 480 |
| **Полова структура на ученици:** | машки 267, женски 213 |
| **Број на наставници:** | 45 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Горан Максимоски |
| **Директор на училиштето:** | Горан Карафилоски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 09, 10, 11 Мај 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Арсо Војвода бб Кичево |
| **Телефон:** | 045-224-750 |
| **Факс:** | 045-224-750 |
| **e-mail:** | vladimirpolezinoski@yahoo.com |
| **Веб страна** | www.drvladimirpolezinoski.edu.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 3,67 Многу добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл. весник на РМ" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014 , 33/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" бр. 86/2006).

## Резиме

По задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат Скопје, во периодот од  4-5 и 6 Декември тим од тројца државни просветни инспектори Бошко Стефановски Раководител на тим, Амдин Рушај член и Карагоска Нермина член на тимот, спроведоа интегрална евалуација во ОУ “Д-р.Владимир Полежиноски“ - Кичево. При спроведување на интегралната евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес во училиштето, примената на законите, и другите општи акти од основното образование, и други активности предвидени за спроведување на интегралната евалуација во училиштето.

Во училиштето се применуваат наставните планови и програми за основно образование одобрени од МОН а изготвени од БРО. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука, посебно пристапот кон новата концепција за основно образование.

Наставните планови и програми се реалзираат во целост и во пропишаниот обем. Со наставните планови и програми и нивните цели се запознаени учениците и нивните родителите, училиштето е отворено за појаснување на целите од Наставнио план и програма за работа на секој заинтересиран, преку издавање на Брошура и Веб страната на училиштето, преку родителските состаноци, неколку групи на социјалните мрежи и медиуми. Училиштето има систем за следење на годишните и тематските планирања, наставницте ги доставуваат до стручната служба во електонска форма на посебен емаил кој се користи само за следење на планирањата на наставниците во училиштето исто така службата има неколку формулари за детално следње на планирањата, сите наставници изработуваат програми за работа со деца со потешкотии ИОП во изготвувањето на ИОП активно учествуваат и самите родители и сите засегнати страни, училиштето има формирани училишен Инклузивен тим. Сите наставниците имаа изготвено и предадено планирања на вонннаставните активности, и уредно се води педагошката евиденција и документација. Училиштето одлично ги искористува своите просторни капацитети и работата е организирана работи во две смени и се реалзира проширена програма, дневен престој за работа со учениците од одделенската настава.

Училиштето води евиденција и има податоци за постигањата на учениците по сите предмети во текот на годината како и претходните години. Се изготвуваат повеќе видови споредбени анализи на успехот по класификациони периоди и годишни анализи според паралелките, добиените резултати училиштето ги искористува за подобрување на постигањата на учениците на индивидуално, групно или по наставни премети,се следат по пол и се следи и анализира Успехот на учениците по основа на социјален статус на учениците и по национална припадност. Од споредбените анализи се заклучи дека успехот учебна 2020-2021 среден успех на училиште 4,71, среден успех во учебната 2021-2022 година среден успех на училиште 4.23, среден успех во учебната 2022-2023 година изнесува 4.2, за учебната 2023-2024 гдина во прввиот класификацинен период забележан е среден успех на ниво на училиште 4.1. За постигнатиот успехот, училиштето планира и презема конкретни активности, има механизми за постојано се следење во текот на учебната година за што училиштето има изготвено многу добри анализи. Во последните три учебни години учениците учествувале на бројни училишни натпревари, на државно и меѓународно ниво и освоени се награди, пофалници, дипломи за кои училиштето им има доделено соодветни благоарници за доприносот и афирмацијата на училиштето во таа смисла за афирмсација на постигањата на учениците и самото ичилиште, во училиштето се применуваат многу добри пракси кои **е** наставницте ги пренесуваат од посетите на други училишта во Европа во рамките на Еразмус

програмите и проекти, училиштето реалзизира и беше во фаза на имплементација на три Еразмус проекти во оваа учебна година.

На почетокот на учебната година сите наставници имаат изготвени годишни-глобални и тематски-процесни планирања и во текот на учебната година изготвуваат оперативни планирања за наставен час сето тоа преку воспоставена процедува во училиштето и истите планираат и реалзизираат  часови по дополнителна, додатна настава и бројни разновидни еднодневни, активности работилници и секциии како вонннаставни активности која реализација редовно се евидентира во педагошката евиденција и документација. Сите училници во училиштето е опремена со современи смарт табла, и  наставата се реализираа интерактивно користејќи современи методи за работа. Училиштето е вклучено во многу проекти од кои дел се од област екологија Слоу ФООД проект , се спроведуваат различни еко активности согласно планот за работа на еко одбор. Училиштето поседува и и одгледува сопствена еко градина Пластеник во која што по однапред утврден план и распоред учениците засадуваат и одгледуаат најразлични градинарски култури, училиштето поседува и култиватор за работа во Зелената градина. Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата, влезот во училиштето е возможен само доколку поседувате елтронска картица за влез во училитето која што ја имаат сите вработени во училиштето а техничкиот персонал е на услуга да обезбеди влез во учииштето за сите други кои не се вработени а имаат потреба од влезт во училитето, училишните ходници се насликани со свежи теми од образовен карактер, пред секоја училница има корпа за отпадоци, креативни дрвени столици и закачалки за облека. Хигиената во сите простории во училиштето е на високо ниво ходниците се чистат со специјална машина за чистење на плочки, соблекувалните во спорската сала како и вецињата на двата спрата во училиштето се комплетно реновирани со нови плочки и нова санитарија која по боја и  дезени одговара на возраста и полот на учениците, во неколку вецеа училиштето за потребите на техничкиот персонал има поставено и машини за перење. Училиштето преку регистрирана ученичка задруга има сопствена кујна, сите добавувачи на храна во училишната кујна невремено доставуваат сертификат за стандард на храната преку кој се следи понудениот квалитет на храна за учениците, во истиот дел од училиштето во пространата кујна училишето  го користи за организирање семинари и обуки кои училиштето ги организира за своите вработени како и за воннасатвни односно забавни активности на учениците. Училиштето има ,,План за заштита и спасување”сигнализација и просторија за прва помош и лице со обука за давање на прва помош,. во случај на елементарни непогоди, и истиот е истакнат на јавни места  во училиштето и за истото  е извршена симулација. Во училиштето посебно се води грижа за децата од социјално загрозени семејства се спроведуваат хуманитарни акции и донации и се обезбедува бесплатен оброк за тие ученици. Во училиштето постојат процедури за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми тоа се докажува и со зголемениот број на деца кои не се од Реон на ОУ. Др. Владимир Полежиноски па заради понудениот квалитет во текот на школувањето се запишуваат односно преминуваат во ова училиште, училиштето има добра соработка со надлежните институции. Училиштето за згрижување на своите ученици има организирано дневен престој  за учениците од нижите одделенија за кој е обезбедена храна. Во училиштето  се извршени редовни систематски прегледи на вработените посебно за вработените во училишната менза,  додека за учениците се реализира согласно програмата на училиштето и надлежните институции.  Раководството на училиштето води политика на взаемно почитување на сите инволвирани во училишниот живот посебно за родителите во училиштето се оранизираат бројни работилници забавни едукативни активности со цел поголемо учество на родителите во работата на училиштето. Односите меѓу вработените е на високо ниво тоа се констатираше од реализираните состаноци со различни таргет

групи активи и поединци во училиштето.. Училиштето има кодекс на однесување на сите структури.    Учениците носат ученичка униформа, Вработените во училиштето за време на престојот во училиште коректно се однесуваат кон сите ученици, без оглед на пол, етничка и социална припадност, за време на одморите на двата спратови во училиштето заедно дежураат наставник и дежурен ученик па така соработака е е поголема, Соработката на училиштето со институците на градот е постојана и добра.

Просторните капацитети на училиштето ги задоволуваат критериумите за квалитетна настава. Во училиштето се реалзира кабинетска настава. Бројот на училници, кабинети и простории за настава е доволен и соодветен како и на бројот на учениците. Бројот на ученици е во пораст посебно тоа се констатираше при уписот во прво одделение оваа учебна 2023-2024 година запишани се 78 ученици со напомена дека просекот за упис во ова училиште последните години беше околу 45 до 50 ученици. Училиштето располага со голем број на наставни средства и помагала и опрема. Во училиштето во транспарентна постапка се избира ученички парламент, прваневц на генерација и Ученички правобранител, и преку други бројни актвности се стимулираат и потикнуваат учениците за нови успеси и вклученост во целокупната работа во училиштето. Училиштето набавило голем број современи апарати за копирање, принтање, лаптопи, телевозори, мебел и инвентар , извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација апарати за зголемување на квалитетот на интернет конекцијата, секој заинтересиран преку веб страната виртуелно може да го посети училиштето.

Училиштето има партнер училиште а Меѓуетничка интеграција со оОУ. Милто Гура с Стрелци општина Кичево со кој се реализирани доста активности. Училиштето е осигурено, преку анкетирање на ученици и нивните родители по сопствен избор осигурени се и учениците во училитето. Се организираат ученички екскурзии согласно правилникот за организација. Редовно се серивисирани хидрантите и противпозарните апарати во училиштето, целосно е сменета дограмата во училиштето на корвната конструкција е поставен вотофолтаичен систем за производство на електрична енергија. Училиштето има изградено амфитеарат или отворена училница во својот двор кој е ограден и безбеден од сте страни. Училиштето има библиотека со модерно опремена читална која кој апредставува најрепрезентатиен дел од училитето. За реализација на наставата училиштето има обезбедено целосно соодветен наставен кадар и стручни соработници педагог, психолог, социолог, дефектолог. Во училиштето се врши идентификација на потребите на наставниот кадар за професионален развој. Наставниот кадар редовно учествува на обуки, училиштето преку разилични Предавачи стручни лица од областа самостојно организираат обуки за сите вработени во самото училиште и опфатени се скоро сите од Наставниот кадар.    Финансиското работење во училиштето се спроведува во согласност со законската регулатива. Управување во училиштето го врши Училишниот одбор кој е конституиран и функционира согласно законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има деловник за работа, и членовите се запознаени со нивните надлежности. Директорот ја планира, организира, и контролира работата во училиштето и превзема активности за подобрување на условите за изведување на наставата, има добра соработка со училишниот одбор, советот на родителите и наставниот кадар, секој орган и тело во училиштето е отворено за соработка и е насочено кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето ова се констатираше од состаноците со осоодветните тела органи поедници во училиштето Годишната програма за работа на училиштето е донесена на 07.07.2023 заверена со број 08-212/4. Самоевалуација во училиштето е изготвена за периодот 2021-2022 и 2022-2023 и донесена од Училишен одбор со Одлука бр. 0101-212/5 од 0.07.202023 година. Програма за развој на училиштето е донесена со

Одлука бр. 01-229/1 од 21.08.2023 година. Училиштето има наставник зо звање наставник Ментор Силвана Кирова.

Училиштето има  формиранио Училишен спортски клуб.

## Карактеристики на училиштето

Училиштето се наоѓа во градското подрачје на населбата Крапош во општина Кичево на улица Арсо Војвода,, бб. И во него се опфатени учениците од населбите Горица, Подмилин, Коњски Ливади, Карпош, Подварош и Бичинци и остнатите рурални населени рурални места од соодветната страна на градот.

Основното училиште,,Др.Владимир Полежиноски” - Кичево е распострането на вкупна земјишна површина од околу 14.000 м2. Наставата се изведува во еден објект кој е поврзан со спортската сала: Училишниот објект е изграден 1982 година, со површина од 3.051 м2 и вториот е од тврда градба со приземје и кат, изграден 1978 година, со површина од 2475 м2 и спортска сала од 460м2. Во дворот има 1 спортски терени со површина од 99м2 и тревната површина со зеленило од 7368 м2, уредно заграден паркинг за вработени со пристап и електронска рампа, отворена училница во вид на Амфитеатар.

Училиштето со работа започнува 1982 година по името Видое Смилески – Бато се до 1995 година кога го добило името на првоборецот и првиот секретар на АСНОМ Др. Владимир Полежиноски.

Наставата во училиштето се одвива во две смени со настава на македонски, јазик. Во училиштето наставата ја следат 480 ученици , распоредени во 27 пралелки, од кои 19 училници, 7 кабинети, 1 лабараторија, и спортска сала, 1 работилница, 1 Библиотека, и 17 други простории сите искористени и во функција на секојдневното работење на училиштето. Училиштето има решение за верификација за воспитно образовна дејност за основно образование од страна на Министерство за образование и наука бр.10-21/12-11-995 од 07.06.1995 година

Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија и во регистарот на основни училишта во општината со последна промена со ЕМБС 4095782 од 05.11.2013 година.

Статутот на училиштето е донесен од Училишен одбор, и на истиот е извршена измена и дополнување со пречистен текст со Статутарна одлука бр. 03-108/2 од 08.06.2020 година. На измените и дополнувањата на статутот, училиштето има добиено согласност од Министерство за образование и наука со Решение бр.91118-1041 од 03.07.2020 година. Полугодишен извештај за работа за учебната 2022-2023 година училиштето има изготвено под број од 01-17/1 од 25.01.2023 година и Годишен извештај за учебната 2022-2023 година.донесен од страна на УО под број 01-212/3 на 07.07.2023 година. Годишната програма за работа на училиштето е донесена на 07.07.2023 заверена со број 01-212/4.

Се констатираше дека и покрај опаѓањето на бројот на ученици во прво оделение во општина Кичево, Оу. Др. Владимир Полежиноски бележи раст на бројот на ново запишани ученици.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука а изготвени од Биро за развој на образованието. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од новата Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, донесена од Министерот за образование и наука.

Со наставните планови и програми и нивните цели се запознаени учениците и нивните родителите, училиштето е отворено за појаснување на целите од Наставнио план и програма за работа на секој заинтересиран, преку издавање на Брошура и Веб страната на училиштето, преку родителските состаноци, неколку групи на социјалните мережи и медиуми.

Училиштето има систем за следење на годишните и тематските планирања, и дневните планирања како и планирањето и реализација на додатната дополнителната и вonнаставните активности, наставницте ги доставуваат до стручната служба во електонска форма на посебен емаил кој се користи само за следење на планирањата на наставниците во училиштето исто така службата има неколку формулари за детално следње на сите планирања, процедурата предвидува корекција, надополнување се со цел квалитетни планирања. Во наставните содржини се имплементираат еко Стандарди училиштето е учесник и поминало обуки за СЛОУ Фоод проектот односно во училиштето се одржува зелена градина Пластеник во која по утвредн ред и согласно термините за одгледување на градинарски култури учениците засадуваат и одгледуваат градинарски култури, сето тоа се следи и редовно се објавува на страната на училиштето за таа потреба и цел училиштето има набавено мотокултиватор за обработка на земјата. Исто така училиштето внимавало на постигања на целите за Меѓуетничка интеграција, со партнер училиштето реализирале активноси и во периодот на Ковид пандемија кога нставата се организирање од далечина. За учениците со посебни образовни потребикои се вклучени односно инклузирани во редованата настава и со потешкотии во соработка со инклузивниот тим на ученик и стручната служба посебно училишниот дефектолог а со посебна вклученост на родителите се изготвуваат ИОП за сите ученици кои се идентификувани дека со нив треба да се работи по тој начин. Во училиштето се реалзира Проширена програма односно дневен престој на учениците до петто одделение со тоа се искажа почитување на потребите и можностите на учениците и родителите.

Училиштето приложи комплетна и транспарентна постапка за избор на изборните предмети, ова учебна 2023-2024 година како трет странски јазик се воведе Германски јазик.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање на мислења и нивно разгледување за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност, дел од родителите на состанок со совет на родители реагираа на Насоките за реализација на наставниот план и програма за учебната 2023-2024 годи во однос на времетраењето на наставата во прво одделение, училиштето посветило напор во појаснување на целите.

Училиштето односно стручната служба во училиштето дава насоки преку системот за следење на планирањата на наставниците за вградување меѓупредметни цели, искористување на расположливите ресурси помагала, средства. Оваа учебна 2023-2024 година како трет странски јазик понуден е Германскиот јазик, се констатираше дека училиштето согласно потребите на локалнта средина иницирало надоплнување на Наставниот план со Германски Јазик.
Во рамките на проектот Слоу фоод наставниците во своите годишни и тематски планирања вршат интеграција на содржини од областа на еколошката едукација. Преку реализација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието во соработка со учениците од ОУ„Милто Гура“-с. Стрелци организирани се повеќе активности, трибини и дружење со децата од партнер училиштето.

Стручната служба и директорот имаа т изготвено писмен протокол за следење на нставен час.

## 1.3 Воннаставни активности

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности, наставниците планираат еднодневни, краткоточни и долгорочни воннасатавни активности во изборот и вклучувањето се анкетираат учениците и се соработува со родителите се со цел да се застапат интересите на учениците, оваaa активност дава и резултати организирани се концерти настапи на Музичката секција, индивидуално и групни организирани претставувања на резултатите од повеќе работилници каде често се вклучуваат и родители. Соодветно на областа се внимава на соодветна застапеност на секој ученик барем во едн авоннаставна активност а зависно од интересот и барањето на ученик или родител возможно е вкученост и во друга воннаставна активност, се внимава на застапеност од секаков вид, родова еднаквост, социјална, вклучување на ученици со посебни образовни потреби и потешкотии. Со Сопствено возило набавено од Агенцијата за одземен имот училиштето дава подршка при патувања на ученици на натпревари на воннаставни активности. Во изминатите учебни години во периодот од 2018 до 2023 година период помеѓу Интегралните Евалуации училиштето учествувало на многу натпревари и освоило награди, учебнта 2022-2023 година организирани се училишни натпревари по Хемија, Биологија, Природни науки, Географија, Македонски јазик, на општинките натпревари по Природни нуаки и Хемиај освоени се први места, исто така освоени се награди за прво второ и трето месо на регионалните натпревари по Географија, Природни науки, Биологија, Спорт и натпреварите организирани од Црвениот крст, на државни натпревари по предметите Биологија Природни науки освоени се четири награди, на Меѓународните натпревари по Англиски јазик и Математика исто така освоени се награди. Учениците учествувале и во бројни Литературни и ликовни конкурси, имаа освоено награди за литературни творби на Тема 8 ми Март, на ликовни конкурси исто така освоени се награди.

Секојдневно училиштето објавува на социјалните мрежи на веб страната и на локалните медиуми и поратли за своите успеси и активности кои произлегѕваат за секојдневната работа се афирмираат постигнатите резултати квалитетот кој го нуди ООУ. Др. Владимир Полежиноски..

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето Д-р Владимир Полежиноски располага со споредбени податоци за постигањата на учениците според полот и етничка припадност, одделенска и предметна настава, социјален статус  за сите класификациони периоди, полугодишни и годишни споредбени анализи и се забележуваат мали промени.

Средниот успех во изминатите три учебни години изнесува: учебна 2020-2021 среден успех на училиште 4,71, среден успех во учебната 2021-2022 година среден успех на училиште 4.23, среден успех во учебната 2022-2023 година изнесува 4.2, за учебната 2023-2024 гдина во првиот класификацинен период забележан е среден успех на ниво на училиште 4.1.

Се следи и анализира успегот по полова структура, од анализите се заклучува дека Женските ученици имаат подобар успех во учебните 2020-2021, 2021-2022, 2022 и 2023 година, исто се први анализа на постигањата по социјален статус,и успехот на припадниците од друга националност забележан е Одличен успех кај повеќето ученици. Системски се следаи напредокот по паралелки, се констатираше индивидулно следење на напредокот на постигањата и се иготвуваа анализи по Предмети по одделенија и анализата, се следат постигнувањата и остварувањата на целите на учениците кои работат по ИОП. Училиштето изготвува  анализи добиените резултати конкретно се искористуваат за подобрување на постигањата се организира дополнителна и додатна настава.

Училиштето преку посебни изготвени програми на стручните соработници  работи на постигањата на учениците со емоционални проблеми на ученици со потешкотии, или посебни образовни потреби, исто така индивидуално или во зависнот од потребите активно се работи се посветува внивние на талентирани ученици, училиштето во врене на реализација на интегралната евалуација адаптираше просторија која ќе биде во таа намена за индивидуализирана работа, за индивидуални родителски средби и друга намена. Во училиштето Настават се организира на македонски наставен јазик во последните учебни години во училиштето преминуваат ученици кои започнале настава на друг наставен јазик во случајов Албански или Турски наставен јазик школувањето го продолжуваат на Македоснки наставен јазик.

## 2.2 Задржување/осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците, земајќи во предвид дека наставата се одвива само на Македонски наставен јазик а во реонот од училиштето живеат повеке етнички заедници истите се запишуваат во други училишта каде наставата се реализира на Албански односно Турски наставен јазик. Училиштето превзема низа активности и подготовки за упис на сите ученици од својот реон, со оскромен училишен прибор како подарок на домашна адреса се посетуба секој законски обврзик за упис во прво одделние, преку средства за информирање, се организираат групни работилници по јавено објавен ред и динамика со која цел и содржина за ученици и родители кои се законски обврзници за упис во прво одделение, се заознаваат со новата средина со капацитетите и начинот на организација и функционирање, се напоенува дека во ова училиште се запишуваат и ученици кои не се од реонот на училиштето, бројот на ново запишани е во постојан пораст.    Целокупната стручна служба посебно работи на упис на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, само во прво оделение запишани се идентификувани околу 6 ученици со потешкотии.

Систематски по паралелки и периоди се следи редовноста на учениците,споредбено во учебна 2020/2021 вкупно 4794 изостаноци од 96 неоправдани.

Во учебната 2021-2022 година вкупно 10084 изостаноци од кои 184 неоправдани изостаноци, во учебната 2022-2023 за бележано е огромно одстапување и разлика од 4161 изостанок или Вкупно 14245 изостаноци од кои само 67 неоправдани. Просечно 29 изотаноци по ученик. Училиштето одпочнало активности со ученици родителии сите засегнати страни околу намалувањње на бројот на изостаноци.

Во училиштето постојат споредбени анализи за просечниот број неоправдани изостаноци за изминатите три учебни години, притоа се запазува законската обврска за советувања со родители.

Се почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште и се води уредна евиденција на заминати или новодојдени ученици преку преведници и евидентни листи за постигнатиот успех.

### 2.3 Повторување на учениците

Се констатираше дека во изминатите три години ниту еден ученик не ја повторил годината.

## 3 Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Училиштето има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето, редовно се следат планирањата на наставниците од директорот или стручната служба, во утврдена процедура и стандардизирани формулари се следат планирањата на наставниот кадар, стручната служба дава подршка во изготвување односно во вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планира□њата на наставниците. Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП.континуирано се следат планирањата на наставниците од директорот и или од стручната служба, стручната служба и директорот имаа изготвено и

распореди за следење на реализацијата на НПП со посебни протоколарни формулари за следњњ на наставен час.

Сите наставници навремено доставиле изготвиле планирања на редовната додатната и дополнителната Работа како и воннаставните активности, стручната служба детално ги прегледува, за секој наставник постои фолдер со предадени планирања кои мора да ги содржат сите потребни елементи Форми, методи, јасни цели, оценување, начин на реализација, очекуваните исходи и др.

Сите училници се опремени со дигитална опрема односно со смарт табли од посетата на наставните часови се констатираше дека најголем дел од наставниците користат дигитални уред за време на часот, од записници на стручни активи се конататираше дека се разменуваат искуства ресурси за коритење и подршка помеѓу колегите. Од посетата на училишта ширум Европа во рамките на Еразмус проектите во училиштето се применуваат добри пракси од други училишта, кои влијаат на развојот на учениците додаваат вреднсот и квалиетт на смите ученици и на самото училиште.

Во креирањето на распоредот учествуваат и самите наставници се со цел да се почитува најдобриот интерес на детето ученик, настават се одвива во 2 смени во еден училишен објект на Македонски настевн јазик.

Навремено се изготвени и јавно истакнати рспоред за додатна дополнитела настава согласно новиот правилник за начинот на организирање на додатната настава во основно образование, истото и за доополнителната настава.

### 3.2 Наставен процес

При реализација на наставата, наставниците во одделенска настава планираат и применуваат разновидни форми, методи и техники на учење со кои ги развиваат индивидуалните способности на учениците. Од посетата по часови и увидот годишните тематските и дневните планирања се утврди дека наставниците користа активни методи за работа кои обезбедуваат интеракција меѓу себе и со наставникот, оваа констатација се одсликува и во одеелнаската настава и во предметната. Во 19 училници училиштето има инсталирано Смарт табли кои се во употреба скоро во секој час, во училиштето има стабилна интернет конекција, и кабинет по информатика опремен со компјутери со повеќе од 20 работни места. Набавени се лаптоп компјутери за осовременување на наставниот процес во училиштето. Спортската сала е опремена комплетно со наставни средства и пмагала за квалиетна настава по предметото Физичко и здравствено образование, во Саалата за приредби по некои предмети се реалзира редовна настава, Во сите училници променети се плотните односно работните табли на училишните клупи со табли во боја, во сите училници старите дрвени столчиња се заменети со нови ергономски столчиња, во овие услови наставниците избираат и прилагодуваат активности и задачи кои ги работат и задаваат соодветна домашна работа. Во наставниот процес посебно се внимава на учениците со ПОП или со потешкотии внимателно се планираат задават активности и задачи. Од увидот по посетата на наставни часови се уверивме во креативноста на голем број на наставници кои користат прилагодени модифицирани активности кои самите ги истражиле и адаптирале на своите ученци и не се ограничиле само на учебникот по соодветен предмет.

Од зголемениот број на ученици во училишето во прво одделенеие и прминот на ученици од други наставни јазици во Оу. Др Владимир Полежиноски се констатираше дека во училиштето се промовираат еднаквост, прифаќање, преку разични активности ја јакнат довербата и разбирањето толеранцијата.

## 3.3 Искуство на учениците од учењето

Средината за учење во училниците поттикнува интерес за учење.Училниците се естетски обликувани чисти светли, трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училниците и во другите простории во училиштето, училишниот ходник е уреден и насликани се теми од образовен карактер кој внесува доплнителна атмосвера во училиштето. Хигиената е на високо ниво Поголем делод наставниците на учениците им даваат можност самостојно да размислуваат и да преземаат одговорност, да го кажат своето мислење и при тоа се тренираат нивните мислења и ставови да не влијаат и повредат никого. За време на часот во најголем дел наставниците во одделенска настава ги охрабруваат учениците да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Од разговорот со претставниците на ученичката заедница најголем број на ученици сметаат дека наставниот кадар ги мотивира во учењето и ги пофалува кога ќе постигнат добри резултати, учениците сметта дека нивното училиште е многу добра средина за нив се чувствуваат сречно безбедно и убаво во ова училиште. Преку бројни активности и активности од забавен дел се поттикнуваат и мотивираат учениците на меѓусебна соработка и почитување на останатите. Се организираат забави на кои настапуваат бенд ученици од училиштето каде можат да присуствуваат и родители.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Детектирањето на посебните потреби на учениците го врши стручната служба во училиштето и класните раководители, по детекцијата се превземаат опсежни односно конкретни мерки и активности кои ке значат целосна подршка и задоволување на потребите на учениците.

Наставниот кадар во училиштето се труди да се почитуваат различностите и различноста во потребите на самите ученици во учењето, училиштето има обезбедено асистивна компјутерска техника за учениците со слаб и намален вид.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето во училиштето е континуирано и јавно. Сите наставници даваат усни или писмени повратни информации на учениците за нивниот напредок и постигања. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има изработено документ за Училишната политика за оценување, Етички кодекс за оценување и Инструменти за следење на формативното оценување. Во оценувањето се користат стандарди, критериуми и техники на оценување и самооценување. Со стандардите за оценување запознаени се учениците и родителите.

Од состаноците со учениците и родителите се утврди дека и двете страни се задоволни од оценувањеро на постигањата на учениците..

За евидентирање на напредокот на учениците се користат повеќе методи и форми на оценување. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

За учениците кои е се оценуваат описно Сите наставници водат ученички портфолија, евидентни листови и слично, каде континуирано ги бележат ученичките активности, способности, однесувања и постигања.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Учениците и нивните родители за напредокот добиваат усни и писмени информацииина индивидуални, групни, формални и неформални средби. Усните информации ги добиваат од одделенските раководители, предметните наставници, стручната служба и директорот. Училиштето истакнува план за соработка со родители кој ги овозможува средбите на родителите со сите наставници.

Родителите добиваат пишани информации преку педагошки досиеа на учениците во одделенска настава кои содржат детали за постигањата и напредокот на учениците и информации за нивниот личен и социјален развој. Во предметна настава родителите известувањата најчесто ги добиваат преку тестови и писмени работи, оценки од одделенскиот дневник, евидентни листи за секој период и свидетелства. Се користат повеќе начини за информирање за постигањата на улчениците кон родителите. Родителите имаат постојан пристап до информациите од е-дневникот. Преку доставените email-адреси родителите редовно се информираат за содржините кои се реализираат, оценките и редовноста на нивните деца.

Училиштето системски го следи напредокот на учениците по паралелки, по предмети индивудуално, од изготвените анализи се превеземаат активности да подобрување на постигањата.

## 4 Поддршка на учениците

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурно училиштето влева чувство на безбедност без потенцијални опасност од повреди на учениците. Училиптето ео оградено од сите страни, во училиштето се влегува само со електронска картица која ја поседуваат сите вработен а техничкиот пероснал за време на одмори и посети во училиштето управува во влезовите во училишната зграда. Во училиштето има пакет опрема за укажување на прва помош и обучен кадар за давање прва помош предметниот наставник Силвана Кирова на учениците при несреќни случаи во училиштето. Изготвен е интерен акт за превземање мерки и активности за заштита на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди, при што евакуационият план е поставен на видно место во училиштето, во училишната зграда има доволен број 2 Хидранти, и 5 пожарни апарати сервисирани на 28.11.2023 година. Во текот на 2021 година од Јапонската амбасада во република Македонија донација Заменета е целосно дограмата на прозорите и реновирање на санитарните јазли во училиштето. Во училиштето има доволно истакнати платаки за Забрането Пушење, забрането внесување алкохол во училишната зграда. Училиштето има организирано исхрана за учениците и за учениците во дневниот престој притоа војдејќи грижа за Стандардите и квалитетот на храната која влегува во училишната кујна, почитувајќи ги сите пропишани норми и стандарди од Системот за безбедност на храната HASSAP и според законот за БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА и директивите на ЕУ. кои ги поседува училиштето од сите добавувачи на храна во Училишната кујна, односно ЗДРУЖЕНИ НА УЧЕНИЦИ- БАТо, во

училиштето односно за работата во училишната менза извршени се инсапекциски надзри од Агенцијата за храна и ветерина и не се утврени неправилности. Во училиштето континуирано се спроведуваат обуки и кампањи кои се во насока за препознавање и намалување на Насилството во основното училиште, сајбер насилството, билингот имногу други. Во соработка со релевантните институции во локалната заедница се координираат активностите за заштита и безбедност на учениците. Сите субјекти во училиштето се запознаени со процедурите и правата за заштита на децата. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето има учениците од социјално загрозени семејства. За истите се води Социјална катра и истите добиваат бесплатен оброг, потребни материјали за работа, донации од хуманитарни акции. За нив се посветува грижа од два аспекти: емоционална поддршка и заштита на личноста на ученикот Постои соработка на училиштето со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции: Центарот за социјална работа.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Тоалетите за наставниците и за учениците кои ги има на двата спрата а се наменети за ученици и 2 за персонал, се чисти и дезинфицирани комплетно реновирани со нова санитарија и нови плочки во два од нив инсталирани се машини за перење алишта кои ги користи техничкиот персонал за одржување на хигиената во училитето. Се води грижа за правилно користење на тоалетите и одржување на личната хигиена. Во секоја училница и пред секоја училница има корпи за отпадоци со најлонски кеси и се води грижа учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето обезбедува средства за одржување на хигиената во училиштето. Систематски прегледи на вработените се реализирани во периодот од 24.04. до 08.05.2023 година. Дворот на училиштето е чист , хортикултурно е уреден и има еден спортски терени. Амфитеатар. Во насока за превенција од заразни болести во училиштето на одделенските часови редовно се обработуваат теми со содржини за здравјето, се организираат предавања од страна на надворешни стручни лица, се врши вакцинација, редовни стоматолошки прегледи на ученицте, додека вработениот во Училишната задруга-БАТО на секои шест месеци извршува систематски прегледи. Училиштето со полиса број 08000033582 извршено осигурување на училѓниот објект, вработените се осигурани, а на доброволна основа во согласност и со родителите осигурани се и учениците. На 16.09.2023 година извршено е Дезинфекција , Дезинсекција , и Дератизација на училишните простории од страна на центарот за јавно здравје Битола.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува точни јасно информации за можностите за понатамошно образование на учениците. Преку програмата за професионална оеринтација училиштето обработува презентира содржини кои ќе бидат кориани за учениците во нивниот натамошен развој. Во однос на понатамошното образование се организираат одредени активности: анкетирање, предавања, индивидуални разговори, користење на промотивни материјали на образовните институции: флаери, трибини.

Се нудат електронски линкови за разгледување од од регионални училишни центри и се тоа во согласност и по потребата и интересот на учениците, во оваа смисла редовно се соработува и со родителите на ученицте. Се води грижа за учениците со емоционални потешкотии, постои соработка помеѓу стручна служба, наставници, ученици и родители. Стручната служба ги евидентира ваквите случаи и ги упатува до

релевантните институции: здравствени установи, Центар за социјална работа и МВР со кои постои редовна соработка.

### 4.4 Следење на напредокот

Изготвен е план за следење на постигањата на учениците според пол и етничка припадност. Најголем број од наставниците водат целосна и уредна пишана и електронска евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за следење на напредокот на учениците. Се води целосна и уредна евиденција во е-дневникот од страна на сите наставници.

Одделенските раководители изготвуваат редовни извештаи и анализи по класификациони периоди за својата паралелка, врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и целосно се достапни за сите заинтересирани субјекти. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# Училишна клима

### 5.1.Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето станува препознатливо по квалиетна работа и високите постигања на учениците, Оу.Др. Владимир Полежиноски представува модерна образовна целина доказ е зголемениот број на ученици од сите реони во градот, значи ги почитува исполнува интересите на учениците и родителите. Училиштето е инклузивно покажува гриза и посветеност кон сите ученици и посебно учениците со поп и потешкотии во учењто. Училиштето вработува наставен и сртучен кадар од сит етнички заедници во во градот Кичево, со тоа се води политика на взаемно почитување и вклученост на сит еетнички заедници. Управвачкиот , раководниот и наставниот кадар се во постојана континуирана соработка кој аделува мотивирачки и обврзувачки, Ској вработен ги почитува поставените правила и норми, и ги почитува останатите структури со своите норми и правила на однесување. Наставниот кадар и стручната служба се справуваат со секој аситуација кој настанала во текот на работењето, досега не се забележани активносто кои се во насока на нарушување на редот и мирот во училиштето не се забележани закани, однесувања или притисоци кон вработените во училиштето, Се почитува правилникот за изрекување пегагошки мерки.

Училиштето поседува куќен ред и кодекс на однесување за учениците и наставниците во чија што изработка учествувале и учениците и се истакнати на видни места.

Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите е добра. При нарушување на дисциплината се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Родителите редовно и писмено се известуваат за изостанувањето на учениците од наставата и истите се повикуваат на разговор со педагогот и одделенските раководители за што се води уредна евиденција. Од извршените анализи на стручната служба забележано е подобрување. Во училиштето има демократски формирана ученичка заедница, која придонесува во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работи што се од нивен интерес во транспарентна постапка избран е ученички правобранител

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето поставува јасни и всоки вооднос на постигањата на учениците, Учениците имаат можности согласно своите способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности.Постигањата на учениците од учество на конкурси, културни манифестации, спортски натпревари, ликовни изложби, одбележување на јубилеи, приредби по повод позначајни празници најчесто се промовираат на денот на училиштето. На учениците кои постигнале значаен успех им се доделуваат благодарници се избира првенец на генерација

Трудовите на учениците се истакнати на видни места во училиштето.Во училниците и холот во училиштето.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивното нарушување во практиката.Училиштето ги запознава учениците со нивните права преку изработени брошури. Се преземаат активности за запознавање и на родителите со правата на децата.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности.

Вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите во редовната настава и воннаставните активности.

Социологот во училиштето како координатор на ученичката заедница на одржаните состаноци и преку остварените контакти со претставниците на ученичката заедница се информира за еднаквиот третман на учениците независно од нивната полова и социјална припадност.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите се активно вклучени при донесувањето на одлуки во рамките на Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Според сознанијата добиени од одржаниот состанок со претставниците од Советот на родители информациите кои се од важност за животот во училиштето се јасни и достапни за нив. Училиштето со свои претставници учествува во одбележувањето на одредени настани и реализација на одредени проекти во соработка со повеќе релевантни институции. Во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“ остварена е соработка со партнер училиште ОУ„Милто Гура“ –с. Стрелци. Претставници од училиштето во соработка со Министерството за внатрешни работи учествувале во акцијата „Дефиле на велосипеди“ за промовирање на велосипедот како превозно средство. Училиштето остварува соработка со институциите на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот Просветен Инспекторат, Министерство за внатрешни работи, Здравствени организации од Кичево, детска градинка „Олга Мицеска“-Кичево и др. Со поддршка на Црвен крст-Кичево формиран е тим за промоција на хумани вредности.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Наставата во училиштето се одвива во 1 објект со приземје и кат. Во објектот има 1 училници, 7 кабинети 1 библиотека, 1 канцеларија за наставници, 1 работилница и 17 други просториии за директорот, стручните соработници и друг административен персонал, просторија со бина за сценски изведби, 1 спортска сала и и 1 надворешни спортски терени со површина од 350 м2, летна училница или Амфитеатар Училишната зграда  е изградена од тврд материјал со површина од 3275м и истата е во  добра состојба. Училиштето  располага со дворно место и зелене површина од 7368м. Училиштето е оградено од сите страни.

Училиштето има план и распоред за максимално користење на расположивите просторни капацитети. Наставата во училиштето се одвива во 2 смени со настава на македонски јазик.Во наставата во училиштето се опфатени 480 ученици распоредени во 27 паралеки Од претходното може да се  констатира дека училиштето целосно ги користи расположивите капацитети за изведување на наставатата.

## *a.* Наставни средства и материјали

Училишната Библиотека располага со доволен број стручна литература, а училитето располага со доволен број на наставни средства и помагала по сите предмети. Училиштето е опремено со многу аудиовизуелна техника во сите учлници сала за приредба и исте други проетоии кај административниот кадар.

Наставниците и учениците се запознаени со кои наставни средства и помагала располагаат и истите ги користат во наставата, користњето на расположливите ресурси е под адзор на стручната служба и директорт се потикнувват и мотивираат сите вработени на мацимално искористување на капацитетите од училиштето. Наставниот кадар е запознаен со нормативот на потребни наставни средства и помагала за реализација на наставата програма по својот предме. Наставниот персонал и учениците имаат пристап до интернет во целото училиште и во кабинетот по информатика во училишните и во административните простории на училиштето. Наставата по спорт и спортски активности се изведува на надворешени спортски терени и спортската сала која  ги задоволува потребните стандарди за реализација на наставаната програма по спорт и спортски активности. Доволната опременост со спортски реквизити обезбедува услови за целосно и квалитетно реализирање на наставната програма по предметот спорт и спортски активности. Училишна библиотека располага со вкупно 7200 примероци, се констатираше дека вооднос на минатата интегрална книжниот фонд е зголемен за  400 приемроци, од кои 1936 се лектирни изданија, 4009 примероци Белетристика, 1255 стручна литература. Од вкупно 7200 примероци 6479 се книги на македонски јазик, 467 на Англиски јазик, 65 на Француски јазик, 158 на Српско-хрватски јазик, и 31 на Албански јазик.  Библиотеката е опремена со нови инвентар во читалната со смарт табла и друга аудио опрема, Камин со две модерни столици кои се на располагање за користење на учениците и вработените. Во блиотеката има комјутер и интернет. Библиотеката овозможува пристап на учениците од двете смени на наставата и наставниот кадар. Училиштето планира и навремено го обезбедува потрошниот материјал од сопствени извори во потребно количества кое е неопходно за реализација на наставните и вон наставните активности.

### *b.* Обезбедување на потребниот наставен кадар

За реализација на наставата училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар, вклучувајќи ги тука и стручните соработници педагог, психолог, и социолог и дефектолог за реализација на воспитно-образовниот процес. Работата на наставниот кадар е надополнета и потпомогната со стручна служба и административно-технички персонал на училиштето. Наставниот процес во училиштето го реализираат 46 и 3 образовни аситенти наставници од кои 4 се со више образование, 41 со високо образование, и 1 магистер. според работниот однос 39 наставници се на неопределено и 7 наставници се на определено работно време, според полот 9 наставници се мажи и 37 се жени, според етничката припадност сите наставници се македонци, и според видот на наставата 15 наставници реализираат одделенска настава, 2 наставник во продолжен престој и 29 наставници реализираат предметна настава, 4 стручни работници и директорот. Сите се соодветни според норамативот за наставен кадар. При изборот на наставниот кадар во училиштето не е констатирана родова или било каков друг вид на дискриминација. Наставниот кадар според стручната подготовка, е соодветен и истиот поседува повеќе квалификации, и искуства стекнати преку професионалниот развој.

Наставниците се трудат ефективно да придонесат за работата на училиштето преку стручните активи. При распределбата на кадарот се земаат предвид квалитетите и искуствата на наставниците. Во случаи на одсуство на наставниот кадар училиштето има механизми за брза но не и секогаш соодветна замена. Училиштето има стручна служба (педагог, психолог, и социолог) која преку својата програма им помага на наставниците во наставата и на учениците им дава поддршка во справување со нивните проблеми како и следење на напредокот индивидуално, по паралелки и на ниво на училиште. `

### *c.* Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето редовно ги идентификува потребите на наставниот кадар вклучувајќи ги тука и потребите за менторирање на наставници. Училиштето обезбедува подршка за професионален развој но таа се реализира преку МОН, БРО и други акредотирани институции за професионален развој но не по индивидуални инцијативи. Во училиштето се организираат семинари и обуки о д стручни лица од областа на образобанието и воспитанието. Наставниците низ процесот на работа, менторите а посебно стручните активи не дале свој придонес за идентификација на потребите за избор на потребни обуки. Во училиштето постои документација од која може да се види следењето на професионалниот развој и истата е ажурирана во портфолија за професионален развој. Училиштето има програма за професионален развој и програма за работа на менторот и наставниците-приправници.

# 7 Управување, раководење и креирање  политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор кој работи во рамките на своите надлежности, работата и неговите надлежности се дефинирани согласно законот за основно, статутот на училиштето и деловникот за работа. Во овој орган  се избрани 7 члена.  Полова стуктура  е со 1  жени и 6 машки . Претседател на Училишен одбор е  од редот на родителите.

Постапките за избор на членовите на Училишен одбор се согласно законот за основно образование и имат мандат кој е  во тек, преку изјави сите потврдиле дека не се во роднинска вска со дитекоторот. Училишниот одбор е запознаен со оисте тековни проекти имплементација и следи целокупната работа од нина надлежност. Се обезбедуваат точни и јасни податоци за работата надругите субјекти вклучени во процесот на образование. Училишниот одбор активно учествува во градење на политики интеграција и инкузивност во училиштето од состанокот со Училишниот одбор заклучивм дека редовно се одржуваат состаноците почитуваќи ги сите правила прописи и норми. Дневен ред го подготвува претседателот, во координација и некогаш по иницијатива на училиштето и координација со секретарот и директорот, а известувањето се врши по писмен пат, а материјалите за седница по потреба се доставуват во печатена форма заедно со поканата.  Донесувањето на Одлуките  најчесто  со мнозинство или едногласно. За одлуките  и работата на Училишниот одбор добро се информирани вработените во училиштето, родителите и основачот преку своите преставници. Записници од седниците и одлуките на овој орган се изготвуват како посебни акти, и се заведени во деловоден протокол во архивата на училиштето. Одлуките на УО со кои се усвоени главни документи (Годишна програма, Годишен извештај, Финансов план  и други),  редовно се доставуваат  до органите на локална самоуправа, со кој училиштето има  добра соработка.Директорот на училиштето е избран во постапка  спроведена од Градоначалникот на општина Кичево и  именуван од Градоначалникот на општината,   согласно Закон за основно образование. За својата работата, директорот има изготвено  програмата за работа. Директорот има одговорен однос кон работата, кој се заснова на повеќегодишно работно искуство, и добро комуницира со сите вработени.   Директорот има насоки за развојот на училиштето, донесува одговорни одлуки, има професионален однос со учениците, родителите, вработените и институциите настојува да соработува со локалната заедница, го развива училиштето како мултикултурна средина без предрасуди и стеретипи, а во насока на толеранција, разбирање, мотивирацка средин.  Работата на стручните органи во училиштето  добро функционира и за истото имаат изработено свои годишни програми. нивните надлежности се утврдени со статутот на училиштето, редовно се одржуваат состаноцисо добра присутност. Во училиштето добро функционира Совет на родители. Според родителите, овој орган  работи со поголемо мнозинство за кворум. Најчесто родителите се информираат прашуваат анкетираат и нивното мислење е многу важно за училиштето. Овој орган добро ја следи воспитно-образовната работа на училиштето училишните политики, се вклучува во давање предлози  и мислења за унапредување на воспитно образовниот процес,.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите за работата во училиштето добро се утврдените во програмата за развој на училиштето, тие се јасни, и добро поставени. Поставените цели се во согласност со државната и локалната образовна политика. Во остварувањето на целите во најголема мера учествуват вработените во училиштето, родителите се мотивираат и тие уште повече да бидат активни и присутни во работата на училиштето. Училиштето и ова година спроведе посебна агенда поврзана со уписот на новите ученици во прво одделение, со цел зголемување бројот на ученици кои ке се запишат во училиштето, бројот на ново запишану ученици во прво одделение во постојан пораст, тим од вработени организираше отвореност кон учениците и родителите и организираше работилници забавни активности и други активности се со цел подобро презентирање на училиштето кон новите ученици и родитеите. Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување и модернизирање на воспитнообразовниот процес. Иако речиси училиштето и да нема потреба од дополнителни градежни зафати реновирање редовни и континуирано се ревидираат плановите за осовременување и креирање нови проекти кои ке фодадат вредност и квалитет на училиштето.

# 8.Наоди и препораки

**Силни страни**

- Секоја училница има смарт табла.
- Естетски уредени училници, Хигиена на високо ниво.
- Добра соработката меѓу учениците , вработените и училишните органи во училиштето
- Многу добри ресурси (метеријални и кадровски) со кој располага училиштето
- Многу Добра училишна клима
- Убаво хортикултурно уреден и безбеден двор.
- Се зголемува бројот на ново запишани ученици и ученици кои преминуваат од друг наставни јазик од сите реони во градот.
- Силна соработка и активни родители
- 

- ***Слаби страни***
- Голем број на оправдани изстаноци
- Рачна односно хартиена евиденција во училишната Библиотека.

## 7.3 Препораки

- Да се вложат напори со сите засегнати страни со цел намалување на изостаноците во училиштето.
- Да се дигитализира работата во училишната Библиотека

| | |
|---|---|
| Бошко Стефановски , Раководител на инспекцискиот тим | |
| Нермина Карагоска, член Инспектор | |
| Амдин Рушај, член Инспектор | |